Врз основа на член 37-н и 37-њ од Законот за Јавни претпријатија, како и Правилникот за постапката за унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие „Стрежево“ Битола бр.02-649/5 од 10.10.2022 година, на ден 02.11.2023 година, се распишува:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" бр. 04-899/2 02.11.2023 год. БИТОЛА

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 01/2023**

ЈП „Стрежево“ Битола објавува интерен оглас за пополнување на 5 (пет) работни места по пат на унапредување на давателите на усуги, за следните работни места:

1. **Работник на цевковод** - КДР 03 05 Б02 227 - (1) извршител, Одделение за 1-ва делница, Детална цевководна мрежа, за нивото Б2 стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование, најмалку две години работно искуство во струката.

2. **Референт за телекомуникации** - КДР 03 05 Б01 013 - (1) извршител, Одделение за деловно технички апликации, електроника и далечинско управување, Сектор за производство и продажба на електрична енергија, електроника и автоматика, за нивото Б1 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен, најмалку три години работно искуство во струката.

3. **Раководител на одделение за деловно технички апликации и далечинско управување** - КДР 03 05 А03 148 - (1) извршител, Одделение за деловно технички апликации, електроника и далечинско управување, Сектор за производство и продажба на електрична енергија, електроника и автоматика, најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, за нивото А3 најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

4. **Технички директор** - КДР 03 05 А01 039 - (1) извршител, најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, за нивото А1 најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватнен сектор.

5. **Раководител на сектор за машинство и експлоатација на возила** - КДР 03 05 А01 023 - (1) извршител, Сектор за машинство и експлоатација на возила, најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, за нивото А1 најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватнен сектор.

Давателот на јавна услуга може да биде унапреден на работно место со повисоко звање, доколку:

- работното место на кое се унапредува е слободно,
- ги исполнува условите утврдени со актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето,
- да е оценет со оцена „4“ или „5“ при последното оценување,
- да поминал минимум 6 месеци на работно месо на непосредно пониско ниво или да поминал минимум 6 месеци на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да не му е изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

1. За работното место под реден број 1. Работник на цевковод, неделното работно време е вкупно 40 работни саати, со работно време од 07:30 до 15:30 часот.

2. За работното место под реден број 2. Референт за телекомуникации, неделното работно време е вкупно 40 работни саати, со работно време од 07:30 до 15:30 часот.

3. За работното место под реден број 3. Деловно технички апликации и далечинско управување, неделното работно време е вкупно 40 работни саати, со работно време од 07:30 до 15:30 часот.

4. За работното место под реден број 4. Технички директор, неделното работно време е вкупно 40 работни саати, со работно време од 07:30 до 15:30 часот.

5. За работното место под реден број 5. Раководител на сектор за машинство и експлоатација на возила, неделното работно време е вкупно 40 работни саати, со работно време од 07:30 до 15:30 часот.

Со избраните кандидати ќе биде склучен Договор за соодветното работно место, на неопределено време.

Огласот трае 5 (пет) работни дена од денот на објавување на веб страната (www.strezevo.com.mk) и на Огласната табла на Јавното претпријатие „Стрежево“ Битола.

Кандидатите се должни да пополнат Пријава која е објавена на интернет страната на ЈП „Стрежево“ Битола - www.strezevo.com.mk.

Кандидатите , Пријавата со потребните документи да ги достават преку архивата на претпријатието.

ЈП “Стрежево” Битола

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" Битола